**Обраќање на министерот за одбрана Владо Мисајловски по повод денот на командата за операции**

Касарна „Боро Менков" – Куманово, 17.10.2025 година

Почитуван началник на генералштабот,

Почитуван командант на командата за операции,

Почитувани генерали, офицери, подофицери и војници,

Со големо задоволство ви се обраќам вам, припадниците на Командата за операции, на овој ваш Ден кој нè потсетува на традициите во македонската Армија, но и ден кога го потврдуваме вашиот заеднички придонес кон безбедноста на татковината, сигурноста на граѓаните и колективната безбедност на заедничката Алијанса.

Во ударната сила на Армијата, функционираат сите родови и служби, чии припадници секојдневно покажуваат професионалност, мотивираност и посветеност. Токму од вашите редови се и најголемиот дел припадници кои заедно со сојузниците го зајакнаа источното крило на НАТО во Латвија, Бугарија и Романија. Но да не заборавиме, туку да истакнеме дека најголемата поддршката за македонските граѓани кога се соочуваме со пожари и други видови на елементарни непогоди, повторно, во најголем дел доаѓа од припадницииите на оваа Команда.

Тоа е огромна одговорност, која вие ја исполнувате во целост, оправдувајќи ја нашата целосна доверба. Вие постоите за татковината и за нашите сограѓани, а ние, Министерството и Генералштабот постоиме за да ви ги овозможиме најдобрите услови и најмодерната опрема.

Македонскиот одбранбен буџет ќе продолжи да расте, а еден значителен дел од овие средства е наменет токму за модернизација и опремување. Вие го заслужувате тоа, а ние интензивно ќе работиме покрај набавката на опрема, во континуитет да ја обновуваме и личната опрема и вооружувањето. Дополнително со нашите сојузници и партнери, овозможуваме постојна надградба и развој на вашите професионални вештини и знаења. Со вашата посветеност, нè обврзувате на тоа!

Мојата порака и до командантот и старешините во Командата: Продолжете да работите со полн елан и со целосна посветеност. Од вашата работа зависи безбедноста на секој од нас. Убеден сум во вашите квалитети кои заеднички ќе продолжиме да ги развиваме со секој изминат ден и немам сомнеж дека на претстојното НАТО оценување следната година, македонската Армија ќе биде претставена во најдобро светло.

Последната година, Министерството за одбрана, заеднички со Генералштабот го има најголемиот историски буџет што е одобрен од било која Влада. Вчера имав можност да ги бранам позициите во Брисел за македонската Армија, но и за македонската држава. Продолжуваме следната година и во наредните години со уште позасилено темпо, да обезбедуваме повеќе средства и да обезбедуваме многу проекти за модернизација за сите Вас.

Но, она што ми е посебно драго, што многу проблеми и предизвици што ги имавме во минатото и се уште ги имаме од кога јас дојдов како министер, со преескa едно убаво мото, кое што Вас ве плени, а тоа е заедно дека сме посилни, сакам лично да се заблагодарам од оваа говорница директно до сите Вас, но посебно до началникот на Генералштабот, на заменикот, на директорот, на генералот Ѓорѓоски, на сите генерали, но и на сите вработени во министерството, за сите заеднички предизвици заедно што ги решаваме.

Една убава реченица каде што ја слушнав е таа синергија што заеднички не плени сите нас да ги завршуваме сите овие процеси. И навистина сум благодарен бидејќи со тој ветар во грб и целосната поддршка што ја имам од сите генерали, но сакам сите да знаете дека ја имате и вие целосната моја поддршка, заеднички ќе направиме многу проекти.

Во позадина работиме на повеќе иницијативи, работиме на работи кои навистина можат да бидат историски за сите вас.

Работиме на нови решенија и планови како да дополниме со дополнителни средства и да купиме нова модерна опрема и работиме во позадина да обезбедиме многу грант-средства директно за Вас во армијата и мислам дека заеднички ќе направиме многу многу убави историски мигови наредниот период.

Од тука сакам директно да се заблагодарам и на генералот Ѓоргоски за одличната работа што ја врши, посебно со преземањето ка Командата за операции, но и сите останати. Продолжете да работите упорно, напорно, да ја сакате Македонија и да си ја чуваме нашата татковина.

Нека е честит 17-ти октомври, Денот на командата за операции!

Да живее македонската армија!

Да живее Македонија!

Благодарам на сите.